**ПРАВИЛА ЗА ПРОЦЕДУРАТА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ОСТВАРУВАЊЕ НА НИВНОТО ПРАВО НА ПРИСТАП И ИСПРАВКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО СКОПСКИ ПАЗАР АД**

Член 1

Со овие правила се воспоставува процедура за информирање на субјектите на лични податоци во врска со обработката на собраните лични податоци и се утврдуваат начините на кои субјектите може да го остварат правото на пристап и исправка на личните податоци кои се обработуваат од страна на Скопски пазар АД.

Член 2

(1) Субјекти на лични податоци се лицата чии лични податоци се обработуваат од страна на Скопски пазар АД односно од страна на овластените вработени лица во компанијата.

(2) За потребите на овие Правила, како контролор и обработувач на лични податоци, се смета било кое вработено лице кое настапува во име на Скопски пазар АД, освен ако поинаку не е определено со овие Правила.

Член 3

(1) Кога Скопски пазар АД прибира лични податоци директно и во усна форма го информира субјектот на лични податоци во врска со:

•- идентитетот на Скопски пазар АД при што за таа цел ги наведува основните информации како што се називот на Скопски пазар АД и функцијата на конкретното лице кое ги обработува податоците;
•- целите на обработката;
•- задолжителноста на давањата на одговорите на прашањата и можните последици ако не се даде одговор; и
•- постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци.

(2) Доколку се работи за субјект кој е веќе информиран и запознаен со работите наведени во ставот (1) на овој член, Скопски пазар АД не врши повторно информирање на субјектот, освен доколку целите на обработката и категориите на лични податоци не се променети во однос на оние за кои субјектот бил првично информиран.

Член 4

Скопски пазар АД не прибира и обработува на лични податоци за субјектот на лични податоци преку трето лице.

Член 5

Кога согласно закон или договор Скопски пазар АД е обврзана да ги пренесе обработените лични податоци на трето лице, тогаш во времето на евидентирање на личните податоци, односно најдоцна до моментот кога податоците првпат се откриваат на третото лице, Скопски пазар АД усно го информира субјектот на лични податоци за работите наведени во член 3 став (1) на овие Правила.

(2) Доколку се работи за субјект кој е веќе информиран и запознаен со работите наведени член 3 во став (1) на овие Правила, Скопски пазар АД не врши повторно информирање на субјектот, освен доколку целите на обработката и категориите на лични податоци не се променети во однос на оние за кои субјектот бил првично информиран.

Член 6

Субјектот на лични податоци има право усно во текот на работното време на Скопски пазар АД или писмено во кое било време да побара од Скопски пазар АД да биде информиран во врска:

•- дали се врши обработка на неговите лични податоци;
•- за целите и правната основа на обработката на личните податоци,
•- корисниците на кои им се откриваат личните податоци;
•- за изворот на податоци, и
•- за логиката на автоматизирана обработка, во случај на автоматска обработка, која има влијание врз субјектот на лични податоци.

Член 7

(1) Скопски пазар АД ги дава бараните информации во усна форма веднаш или доколку поради итни и неодложни работи не е во можност веднаш да одговори, тогаш во разумно време.

(2) Доколку субјектот на лични податоци бара информациите да му бидат доставени во писмена форма тогаш Скопски пазар АД одговорот го доставува во рок од 7 дена од денот на приемот на барањето.

(3) Доставата на информациите се врши на дадената адреса за е-пошта на субјектот на лични податоци, освен доколку субјектот не побара информациите да му бидат доставени во хартиена форма. Доколку Скопски пазар АД оцени дека доставувањето на информациите во хартиена форма предизвикува несразмерни трошоци, тогаш го задржува правото документот во кој се содржани информациите да го достави во електронска форма на соодветен медиум.

Член 8

Кога Скопски пазар АД еднаш доставиле информации, односно одговориле на барањето на субјектот на лични податоци, тогаш немаат обврска повторно да одговорат на исто или слично барање на тој субјект, освен во следните случаи:

•- ако во меѓувреме дошло до промена на личните податоци на субјектот, или
•- ако од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање изминале шест месеца.

Член 9

(1) По барање на субјектот на лични податоци или по укажување на надлежен орган кој ги обработува личните податоци, Скопски пазар АД ќе ги дополни, измени, избрише или ќе го прекине користењето на личните податоци, доколку:

•- податоците се нецелосни, неточни или неажурирани, или
•- обработката на податоците не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци.

(2) Барањето од став (1) од овој член може да биде и во усна форма, при што заради евиденција Скопски пазар АД составува белешка во која се наведуваат основни информации за барањето и на која се потпишува субјектот на лични податоци.

(3) Скопски пазар АД има право да побара од субјектот на лични податоци доказ во форма на документ (на пример, лична карта) од која може да се утврди точноста на податокот за кој се бара промена.

Член 10

Во случај кога Скопски пазар АД при обработката утврди дека на личните податоци на субјектот се нецелосни, неточни или неажурирани, истите ќе ги дополни, измени или избрише, независно од тоа дали субјектот на лични податоци има поднесено барање за дополнување или изменување на личните податоци.

Член 11

За извршеното дополнување, измена или бришење на личните податоци, согласно членовите 9 и 10 од овие Правила, Скопски пазар АД најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, односно од денот на утврдената неточност на податоците, писмено го известува субјектот на лични податоци, корисниците на личните податоци или третите лица на кои им се откриени личните податоци, освен ако тоа не е возможно или ако тоа бара несразмерен напор или трошоци.

Член 12

Овие Правила им се доставуваат на сите вработени лица во Скопски пазар АД, без разлика дали постои барање од страна на субјектот на лични податоци.

Член 13

При секое изменување или дополнување на овие Правила, Скопски пазар АД ги известува сите субјекти чии лични податоци ги обработува, вклучително и оние кои веќе биле претходно информирани и запознаени со овие Правила.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**м-р Сашо Давитковски**

10.05.2013 година